**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**
**Бр. 16-4157/2014/**
**17.04.2015 година**
**С к о п ј е**

Инспекторите од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика врз основа на член 235 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" број 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014 и 33/2015), донесоа

## З А К Л У Ч О К

Постапката поведена по иницијатива број 16-4157/2014 од 31.03.2015 година за вршење на вонреден инспекциски надзор во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, се запира.

## О б р а з л о ж е н и е

Инспекторите од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика на ден 16.04.2015 година извршија вонреден инспекциски надзор во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје – Одделение за брак и семејство. При инспекцискиот надзор извршен е увид во документацијата и списите на предметот на Е. и Г.С, во постапката за уредување на начинот на одржување на личните односи и непосредни контакти на дете со родителот со кого не живее, по поведена иницијатива број 16-4157/2014 од 31.03.2015 година.

При вонредниот инспекциски надзор на записник број 16-4157/2014/ од 17.04.2015 година се констатира дека постапката не е правосилно завршена, поради што согласно член 41 став 4 од Законот за инспекциски надзор (,,Службен весник на Република Македонија,, број 50/2010, 161/2010, 157/2011, 147/2013, 41/2014 и 33/2015 ), се донесе заклучок како во диспозитивот.

Заклучокот е донесен во Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика на ден 17.04.2015 година под број 16-4157/2014/.

Жалбата не го задржува извршувањето на заклучокот согласно член 244 став 2 од Законот за социјалната заштита.

**Упатство за правно средство**: Против овој заклучок може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 8 дена од денот на приемот на заклучокот преку Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика.

**Инспектори за социјална заштита**
Виш инспектор, Благица Пирова
Инспектор, Соња Налбанти-Димоска